Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 99, 1 април 2013 година

април 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област соло пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Одбрани текстови од управување со информациски системи“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев и асс. д-р Александар Крстев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-32/4 од 24.1.2013 година, донесена на 44. седница на Наставно-научен совет на Економски факултет, одржана на 22.10.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во состав:

– проф. д-р Ристе Темјановски, вонреден професор, вработен на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - претседател;
– доц. д-р Крсте Шајноски, доцент, вработен на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член;
– проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор, вработен на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип – член.

Според Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ и на официјалната веб-страница на Универзитетот (www.ugd.edu.mk) на 19.12.2012 година, потребна е следната документација:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски / докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
6. Уверение за државјанство.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и на официјалната веб-страница на УГД се пријави само еден кандидат: д-р Стеван Габер.

Комисијата ги разгледа доставените документи од кандидатот. Од приложената документација на пријавениот кандидат, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

**1. Д-р Стеван Габер ги достави следниве документи:**

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски / докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
6. Уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Стеван Габер** е роден на 8 март 1980 год. во Велес. Основно и средно образование (УСО „Јовче Тесличков“) завршува во родното место, а во предвидениот временски период го завршува и Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока Финансиски менаџмент. Веднаш по завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на департманот Монетарна економија, кои ги завршува со висок просек. Во мај 2006 година успешно го одбранува магистерскиот труд „*Јавниот избор во финансирањето на јавните добра*“. Во 2008 година се запишува на докторски студии на истиот факултет, а на 6 јули 2011 година успешно го одбранува докторскиот труд „*Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации*“ при што се стекнува со диплома доктор на економски науки.

Кандидатот во периодот од декември 2006 до јули 2007 година работи во Министерството за финансии на РМ - Кабинет на министерот, а потоа и во Секторот за даночен и царински систем. Со основањето на новиот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во јули 2007 год. од страна на Матичната комисија е ангажиран како асистент од областа финансии и банкарство на Економскиот факултет во Штип, каде што ги покрива следниве предмети: Основи на финансии, Јавни финансии, Фискален систем и фискална политика на ЕУ, Монетарна и фискална политика, Монетарна економија и Економија на јавен сектор.

Кандидатот има одлични познавање на англиски, српски, германски и делумно познавање на шпански јазик, како ѝ одлични познавања од компјутерската литература (Word, Excell, Power Point и останати апликации), верифицирани со бројни сертификати за работа со компјутери, комуникациски вештини и јавен настап и за посета на Академија за економија, инвестиции и развој организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“. Тој поседува и релевантно искуство од областа на фискалната економија стекнато со презентација на бројни реформски активности на Владата пред реномирани Кредитни рејтинг агенции.

***Наставно-образовна дејност***

**Наставен ангажман за д-р Стеван Габер**

1. **Јавни финансии – СП2012/2013 – II година / III семестар**
- Насока Финансиски менаџмент - Кочани – 3 ч.
- Насока Финансиски менаџмент - Струмица – 3 ч.
- Насока Финансиски менаџмент - Радовиш – 3 ч.

2. **Јавни финансии – СП2011/2012 – III година / VI семестар**
- Насока Финансиски менаџмент - Штип – 2 ч.
- Насока Финансиски менаџмент - Струмица – 2 ч.

3. **Фискален систем и фискална политика на ЕУ – СП2011/2012 – III година / VI семестар**
- Насока Меѓународна економија – 2 ч.

4. **Економија на јавен сектор – СП2011/2012 – III година / VI семестар**
- Финансиски менаџмент - Штип – 2 ч.
- Насока Финансиски менаџмент - Струмица – 2 ч.

**Вкупно часови: 19 ч.**

***Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност***

Кандидатот д-р Стеван Габер има објавено бројни научни и стручни трудови од кои може да се согледа научноистражувачката активност на кандидатот од кои како поважни ќе ги наведеме следните:

*Евалуација на трудот број 1:*

**“ECONOMIC IMPLICATIONS FROM DEFICIT FINANCE”**
**„ЕКОНОМСКИ ИМПЛИКАЦИИ ОД ДЕФИЦИТНОТО ФИНАНСИРАЊЕ“**

Овој труд анализира еден од најпопуларните сегменти од буџетската политика – ефектите од дефицитното финансирање. Во процесот на обезбедување на економски услови за надминување на тековните економски кризи, сите држави во светот се наклонуваат кон дефицитното финансирање како начин за давање на финансиска поддршка на настраданите економии. Интенцијата на овој труд е осврт на ефектите кои произлегуваат од овој начин на финансирање од кои најпознати и најистакнати се ефектот на мултипликација, кој има значаен импакт врз агрегатната побарувачка во насока на обезбедување на полна вработеност и економски раст, „crowding out“ ефектот којшто ги истиснува приватните инвестиции на пазарот на капитал под интензивен притисок на побарувачката за капитал од страна на државата, што влијае на поскапување на неговата цена, како и „Twin deficits“ ефектот, кој се однесува на корелацијата на буџетскиот дефицит и дефицитот во платниот биланс. Со трудот се констатира дека задолжувањата на државата се оправдани кога станува збор за финансирање на војна или излез од економски кризи, но никако и за непродуктивни државни трошења кои во иднина ќе треба да ги покриваат наредните поколенија преку плаќање на повисоки даночни давачки.

*Евалуација на трудот број 2:*

**“FISCAL STIMULATIONS FOR IMPROVING THE BUSINESS ENVIRONMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA”**
**„ФИСКАЛНИ СТИМУЛАЦИИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

Трудот се фокусира на истражување и согледување на координацијата помеѓу фискалната и монетарната политика и колкава е нивното значење за нормално функционирање на економските процеси. Во ситуација кога националните економии се силно погодени од глобалната економска финансиска криза, заедничкиот пристап помеѓу фискалните авторитети и независните монетарните институции, задолжени за спроведување на монетарната политика, се смета за круцијален за одржување на задоволително ниво на економски раст и макроекономска стабилност. Трудот подетално се задржува на економската некоординација помеѓу овие две погореспоменати институции што резултирало со негативен тренд во движењата на каматните стапки од аспект на домаќинствата и претпријатијата, односно во зголемување на каматните стапки како последица на порастот на каматните стапки во благајничките и државните записи. Овој труд го покажува конфликтот помеѓу овие две релевантни институции и како истиот негативно се рефлектирал врз функционалноста на нормалните економски и финансиски текови во македонската економија.

*Евалуација на трудот број 3:*

**„УЛОГАТА НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ТЕКОТ НА НАЈГОЛЕМАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА НА 21 ВЕК“**

Светот во 2008 година беше соочен со најтешката и најкомплицирана економска криза по Големата депресија во 20-тите години на минатиот век. Кризата значително ја нагласи улогата на фискалната политика како важен инструмент за зголемување на агрегатната побарувачка и за обнова на финансискиот сектор. Целта на овој труд е да се разберат најважните аспекти на кризата: улогата на фискалната политика во услови на криза, фискалните инструметни (јавните приходи и јавните расходи), нивното правилно комбинирање и временска имплементација, како и можните ефекти произлезени од потрагата по прудентна и недисциплинирана фискална политика.

*Евалуација на трудот број 4:*

**“DEFICIT FINANCE – A MODERN TREND IN BUDGET POLICY”**
**„ДЕФИЦИТНОТО ФИНАНСИРАЊЕ – МОДЕРЕН ТРЕНД ВО БУЏЕТСКАТА ПОЛИТИКА“**

Според овој труд скоро секоја земја настојува да постигне економски развој преку имплементација на дефицитното финансирање во фискалната политика. Таквата мерка ќе го зголеми реалниот БДП од една страна, но исто така ќе го зголеми и нивото на цените, од друга страна. Според тоа, двете овие работи на краток рок се несигурни. Целта е да се согледа како фискалните правила влијаат врз буџетскиот дефицит и статусот на јавниот долг во сите земји од Европската унија. Споредбата помеѓу земјите од ЕУ обезбедува витални податоци за траекторијата на дефицитот и долгот. Исто така, посветува и мало внимание на Пактот за стабилност и раст во кој се разгледува овој сегмент од фискалната политика. Со цел да го одржи овој начин на финансирање државата мора да продолжи да се задолжува во намерата да одговори на интензивираната потрошувачка или капиталните инвестиции во разновидни државни проекти. Со други зборови, во овој труд се обрнува внимание на факторите кои придонесуваат државите да се одлучат за спроведување на дефицитна фискална политика.

*Евалуација на трудот број 5:*

**„УЛОГАТА НА ПАКТОТ ЗА СТАБИЛНОСТ И РАСТ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА“**

Потрагата по формула за поставување на единствена фискална политика завршила успешно во Мастрихт 1992 година со потпишување на Спогодбата која била позната уште како рамка за фискалната политика на Европската унија. Оттаму произлегува почетокот во анализирањето на овој Пакт за стабилност и раст со разгледување на неговите карактеристики, критики и сугестии за унапредување на фискалниот дел од функционирањето на Економската монетарна унија (ЕМУ). Овој фрагмент од економската политика на ЕУ е еден од најинтригантните, бидејќи фискалната политика е конструирана од страна на националните влади во согласност со одредени правила како водичи во однос на монетарната политика, која, пак, е контролирана и имплементирана од страна на Европската централна банка. Овој труд го нагласува круцијалното значење на Пактот за стабилност и раст за одржување на економската стабилност во Европската унија, како и предлозите за надминување и унапредување на функционалноста на овој витален фискален механизам во ЕУ.

*Евалуација на трудот број 6:*

**„ЗНАЧАЈНОСТА НА ФИСКАЛНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАБИЛНА ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА“**

Потребата да се обезбеди стабилна макроекономска политика ги стимулира земјите преку рестрикција на непродуктивните расходи, посебно во сегментот на јавен долг, да се фокусира на имплементација на стратегијата за здрава фискална политика. Секако, за да може да се постигне таа цел, фискалната политика нема да биде доволна. Исто така, потребна е координација и хармонизација со креаторите на монетарната политика. Оттаму, овој труд се занимава со анализа на неопходните критериуми за креирање на адекватни правила за фискалната политика, како опортунитет за примена на некои прагматични алтернативни правила. Значи ги зема предвид критериумите за избор на правила за одржување на фискалната дисциплина и алтернативните фискални правила кои се класифицирани во две широки групи: правила зановани на дефицит и долг и потрошувачки правила.

*Евалуација на трудот број 7:*

**„НАЧИНИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ ДЕФИЦИТ“**

Трудот ги анализира импликациите што го следат дефицитното финансирање, при што посебно ќе се согледа финансирањето преку задолжување и емисија на пари. Преферирањето на државата да се задолжува, како поедноставен начин на финансирање, предизвикува појава на негативни ефекти кои значајно ја менуваат економската активност. Притоа, кога државата троши повеќе средства отколку што прибира со наплатата на даноците, таа има потреба од извори за финансирање на таквиот буџетски дебаланс, односно буџетски дефицит. Секако, прва опција е покачување на даноците; второ, позајмување средства на пазарот на капитал; и трето, емисија на пари. Со зголемувањето на даноците државата ги намалува поттикнувањата на индивидуите и фирмите да работат, штедат и инвестираат, односно влијае на намалување на агрегатната побарувачка. Задолжувањето, пак, ја зголемува конкурентноста при побарување на капитални фондови што придонесува каматните стапки да се зголемат и ултимативно доведува до истиснување (crowding out) на приватните позајмувачи. Последната алтернатива за финансирање се состои во печатењето на пари, односно државата форсира инфлација, која ги обезвреднува инвестициите преку зголемување на ризичната премија на долгорочните инвестиции.

*Евалуација на трудот број 8:*

**“GLOBAL IMBALANCES AND THE DOLLAR”**
**„ГЛОБАЛНИТЕ НЕРАМНОТЕЖИ И ДОЛАРОТ“**

Овој труд се фокусира на причините за глобалните нерамнотежа кои се прашање на бројни истражувања. Сепак, постојат повеќе или помалку аспекти што се фокусираат на индивидуални аспекти, кои очигледно имаат влијание на појавата и развојот на нерамнотежите. Ова се однесува, на пример, на потценетиот кинески јуан наспроти САД долар, како причина за продлабочување на екстерните дефицити на САД. Одделно посматрано, како причина за нерамнотежите може да се третираат и прекумерните заштеди во земјите во развој наспроти нивното запоставување и живеењето на кредити во развиените земји. Меѓутоа, тоа се само последици на меѓународните економски релации по распаѓањето на Бретонвудскиот систем и напуштањето на златниот стандард проследен со фиксни паритети во меѓувалутните релации. Вистинските причини треба да се бараат во присуството на концептот на пари како стока и прогласувањето на националните валути (примарно доларот) во функција на светски пари. Тоа може да се заклучи од функционирањето на системот на златен стандард (каде нерамнотежите се привремени и надминати со делувањето на националните економии во согласност со претходно афирмирани правила).

*Евалуација на трудот број 9:*

**„ДАНОЦИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ТЕКОВИ НА КАПИТАЛОТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ ВРЗ МЕЃУНАРОДНАТА ДАНОЧНА КОНКУРЕНТНОСТ НА РМ“**

Во светот на глобалната економија која се карактеризира со висок степен на либерализација на економските односи, основниот фактор од кој зависат меѓународните текови на капиталот претставува глобалната или светската каматна стапка. Притоа, националните даночни системи, а особено оние кои се одликуваат со високи стапки на корпоративниот данок на доход, можат во значителна мера да ги ограничат тековите на капиталот во светски рамки. Причината за ваквото нарушување лежи во неспорниот факт што даноците ја зголемуваат бараната стапка на принос или поточно трошокот на капиталот на меѓународните проекти. Последиците од даночната дисторзија, главно, се состојат од намалување на меѓународната ефикасност на капиталот како резултат на намалената акумулација и ограничената мобилност на капиталните фондови. Со цел да ја промовираат сопствената земја како локација погодна за странскиот капитал, националните

земји настојуваат да ги снижат стапките на корпоративниот данок на доход. Ваквиот тренд кој е карактеристичен во последните две декади со други зборови се нарекува „меѓународна даночна конкурентност". Целта на трудот е преку компаративна анализа да се укаже на исклучително добрата даночна позиционираност, односно конкурентност на Република Македонија како дестинација погодна за инвестирање на меѓународниот капитал. Основниот методолошки пристап користен во анализата претставува концепт на трошокот на капиталот. Од него е изведена познатата мерка на ефективниот даночен товар којашто се нарекува *просечна ефективна даночна стапка* (average effective tax rate), од страна на авторите Мајкл Деверу и Рејчел Грифит, која е впрочем основната релевантна методологија за оценка на даночната атрактивност на одредена локација. Од исклучителна помош како дополнение на основната методологија се и коефициентот на маргиналната ефективна даночна стапка (marginal effective tax rate) и компаративниот метод.

***Евалуација на трудот број 10:***

**„ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИМЕНА НА БУЏЕТСКИ ДЕФИЦИТ“**

Многу држави се склони кон водење на континуирана дефицитна фискална политика. Тоа се потврдува и со сегашните мерки преземени од бројни влади, со цел да се стимулира економијата за излез од кризата. Во овој труд се посветува внимание на периодите кога се појавила таквата дефицитна фискална политика, причините кои довеле до поагресивна експанзивна фискална политика, поради што се зачестила нејзината појава и нејзината (не) оправданост. Дополнително, трудот ни ги презентира различните и спротивставени ставови на двете најголеми школи за влијанието на државата во економијата – неокласичарите и кејнзијанците со што се разјаснува прашањето за оправданоста на задолжувањата на државите.

***Евалуација на трудот број 11:***

**„ДАНОЧНИТЕ РЕФОРМИ ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ТЕКОВИ НА КАПИТАЛОТ“**

Целта на трудот е да се презентираат современите правци на даночните реформи во светот од аспект на унапредувањето на меѓународните текови на капиталот, или поконкретно, да се опфатат најновите мерки во системот на корпоративниот данок на доход преку кои на ефективен начин се редуцираат потенцијалните можности за даночна дисторзија. Основни методи кои се користат во трудот се аналитичкиот, компаративниот и наративниот метод. Во насока на подобро објаснување и елаборација на одредени проблеми соодветно ќе биде употребен и методот на сценарио анализата. Притоа, со цел да се обезбеди подобра илустрација на фактите и заклучоците од анализата ќе се прибегне и кон користење на дијаграмскиот метод (или методот на претставување на сознанијата со помош на графикон). Читателите на трудот имаат практична можност да се запознаат со општите правци на промените во даночната политика од областа на корпоративниот данок на доход, кои се преземаат во насока на унапредување на меѓународните текови на капиталот. Исто така, трудот може да послужи и како водич, односно појдовна платформа за подлабоки и посуптилни истражувања во полето на даночните реформи, како за универзитетскиот кадар, така и за креаторите на економската политика.

*Евалуација на трудот број 12:*

**“COORDINATION OF FISCAL AND MONETARY POLICY IN TERMS OF FINANCIAL CRISIS AND THEIR IMPORTANCE FOR THE TRANSITION ECONOMIES“**

**„КООРДИНАЦИЈА НА ФИСКАЛНАТА И МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО УСЛОВИ НА ФИНАНСИСКА КРИЗА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ТРАНЗИЦИОНИТЕ ЕКОНОМИИ“**

Кризата значително ја нагласила улогата на фискалната политика како важна алатка за зголемување на агрегатната побарувачка и за заздравување на финансискиот сектор. Свесни сме, но и сведоци за најголемата координација меѓу монетарната и фискалната политика од минатото во која преку агресивни монетарни и фискални мерки беше дозволено побрзо надминување на последиците од кризата преку преземање на корективни акции во финансиската архитектура, усвојувањето на нови правила за регулација на финансиските пазари и финансиски институции, како и поголема грижа во управувањето со сложени и модерни видови на финансиски инструменти – финансиските деривати. Целта на трудот е да се разбере најважниот аспект на европската криза: координацијата на фискалната и монетарната политика и нивното значење за транзиционите економии (вклучувајќи ги тука Источна Европа и земјите-членки на ЦИФ). Финансиските кризи имаат значаен и перманентен ефект на овие земји, намалувајќи го долгорочниот аутпут за околу 17%. Ефектот е поважен во помали земји со релативно повисока зависност од надворешно финансирање и во кои банкарскиот сектор забележал сериозни фискални дисбаланси. Исто така, трудот демонстрира дека фискалните мерки биле најефикасните мерки за справување со кризите, додека улогата на инструментите на монетарната политика била прилично летаргична.

*Евалуација на трудот број 13:*

**„THE POSITIVE AND NEGATIVE ASPECTS OF FISCAL POLICY IN IMPROVING THE BUSINESS ENVIRONMENT“**

**„ПОЗИТИВНИТЕ И НЕГАТИВНИТЕ АСПЕКТИ НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕТО“**

Во услови кога последната сериозна криза остави импресивни импликации врз економиите на развиените и респективно транзициските економии, улогата на државата уште еднаш, од времето на Големата депресија, стана еден од круцијалните агенти кои може да креираат позитивни околности за приватниот сектор со цел да се надмине тековната криза. Активната државна политика преку експанзивна фискална политика постигна импресивен исчекор во помагањето на приватниот сектор да се снабди со побарувачка за нивните услуги, полесен пристап до фондови, поедноставени административни процедури итн. Посебно, недостатокот на капитал на меѓународните пазари и падот во меѓународната побарувачка ги принуди владите да интервенираат и да ги извлечат економиите од рецесија преку интензивни државни трошења. Овој труд се фокусира на мерките што ги презема државата и настојува да ги преземе за да го зајакне претприемачкиот дух и конкретно на мерките на Владата на РМ. Тие мерки може да му помогнат на приватниот сектор да ја надмине рецесијата и да ја олесни економската активност која ќе води до зголемено производство и извоз, но исто така мора да ја земе предвид и негативната страна на експанзивната фискална политика. Поконкретно, алтернативите за финансирање на тие буџетски дефицити, кои се вообичаени во многу земји, може да иницираат интензивно позајмување од страна на државата со цел да се финансираат таквите економски активности. Уште еднаш, по 80-тите години на минатиот век, овој вид на финансирање е причина за нестабилен и неодговорен раст на показателот јавен долг/БДП. Иако, мнозинството од земјите настојуваат да ги зголемат капиталните инвестиции, останува фактот дека повеќето од парите одат за државна потрошувачка. Токму таквата прекумерна државна потрошувачка во повеќето земји е причина за појава на ефектот за истиснување на приватните инвестиции.

Покрај докажаните наставно-образовни и научноистражувачки активности во досегашниот период, кандидатот, на крајот од 2009 година, реализирал тримесечен студиски престој во Бамберг, Германија, со кој успеал да го доусоврши своето образование. Престојот бил стекнат преку учество во Проектот на Европската комисија, насловен како „Local economic development in Albania, Kosovo and Macedonia” (No: 145061-Tempus-2008-UK-JPHES). Со овој проект се предвидува отворање на нова насока за локален економски развој на вториот циклус студии на сите универзитети учесници во проектот. Ова го потврдува меѓународниот и организациско-развојниот карактер на проектот.

Покрај тоа, кандидатот посетувал неколку работилници, симпозиуми, учества на научни собири со кои го продлабочил своето знаење од областа на наставно-образовна дејност, меѓу кои:

- Меѓународна научна конференција во Свиштов, Бугарија, 2008;
- Меѓународна научна конференција „ИЦБЕФ“ во Штип, Македонија, 2012 година;
- Симпозиум за млади истражувачи поврзан со Темпус проектот „Локален економски развој во Албанија, Косово и Македонија“, Охрид, јуни, 2012 година;
- Работилница за интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес, 2011 година;
- Работилница за употреба на Case study методот во обрзаовниот процес, 2009 година;
- Работилница за “Video Conferencing Services for Education”;
- Три учества на РТВ програми.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатот д-р Стеван Габер, доктор на економски науки, покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Ова се потврдува со многуте објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни и домашни конференции и семинари со стручна проблематика. Кандидатот д-р Габер се истакнал и со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност, како асистент на повеќе предмети што ги изведувал на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во изминатиот период. Научноистражувачката работа на кандидатот е контиунуирана и ја потврдува неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокaта област, како и стручноста со која владее во наставно-научната област *фискална економија*, за којашто кандидатот конкурира.

Врз осова на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден солиден и квалитетен научен работник и иден успешен наставник и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Штип **кандидатот д-р Стеван Габер да се избере во звање доцент во наставно научната област *фискална економија***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристе Темјановски, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски, доцент – член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор – член, с.р.**

# П Р И Л О Г

## Табела за вреднување на активностите на д-р Стеван Габер, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | **47,5** |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања | 1 | 8 | 8 |
| Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 3 | 0,5 | 1,5 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br><br>**2010/2011 = 32 ч.**<br>Основи на финансии (Штип и Струмица) - 6гр. x 2 ч. = 12 ч.<br>Монетарна и фискална политика - 1 гр.x 1 ч. = 1 ч.<br>Монетарна економија - 2 гр. x 2 ч. = 4 ч.<br>Царинска политика (Штип и Струмица) – 6 гр. x 2 ч. = 12 ч.<br>Фискален систем на ЕУ – 1 гр. x 2 ч. = 2 ч.<br>Јавни финансии – 1 гр. x 1 ч. = 1 ч.<br><br>**2011/2012 = 30 часа**<br>Основи на финансии (Штип и Струмица) – 5 гр. x 2 ч. = 10 ч.<br>Монетарна и фискална политика – 1 гр. x 2 ч. = 2 ч.<br>Монетарна економија (Струмица) – 1 гр. x 2 ч. = 2 ч.<br>Финансиски менаџмент (Струмица) – 1 гр. x 2 ч. = 2 ч.<br>Јавни финансии (Штип и Струмица) – 5 гр. x 2 ч. = 10 ч.<br>Фискален систем на ЕУ – 1 гр. x 2 ч. = 2 ч.<br>Економија на јавен сектор (Штип и Струмица) – 2 гр. x 1 ч. = 2 ч.<br>**2012/2013 = 14 часа**<br>Финансиски менаџмент (Штип и Струмица) – 4 гр. x 2 ч. = 8 ч.<br>Монетарна економија (Струмица) – 2 гр. x 2 ч. = 4 ч.<br>Монетарна и фискална политика – 1 гр. x 2 ч. = 2 ч. | 76 | Број на часови по 0,5 поени за секоја учебна година | 38 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | **64,5** |
| Прегледен труд | 2 | 5 | 10 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/ останати) | 2 | 9/6/3 | 11,7 (1,3 коеф. x 6 +1,3 x 3) |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 9 (6 во странство и 3 во земјата) | во странство (13,2 п.) и во земјата (3,6) | 16,8 |
| Учество на научен собир со реферат | 2 | странство 2 | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбранета магистерска работа | 1 | во земјата 4 | 4 |
| Одбранета докторска работа | 1 | 8 | 8 |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 4/2/1 | 2 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | **18** |
| Учесник во научен проект | 1 | во странство 8 | 8 |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| Стручни награди и признанија | 2 | 4 | 8 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **130** | | |